**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Влатко Лалков**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Цано Поп Ристов бр.24а**
**тел. 043/609-255;**
**lalkovizvrsitel@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 201/2026**

Извршителот Влатко Лалков од Кавадарци, ул.Цано Поп Ристов бр.24а врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Максим Горки бр.6 преку полномошник Адвокат м-р Петар Трајковски, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.113/19 од 25.02.2019 година на Нотар Митко Милков од Кавадарци, против должникот Влатко Ќимов од Кавадарци со живеалиште на ул.Шишка бр.1-1/4, за спроведување на извршување во вредност 3.090.733,00 денари на ден 09.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**КП.бр.12418** дел 2, Адреса ШИШКА, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда и други обј, А2-2, влез 1, кат ПО, број 8, намена на посебен/заеднички дел од П, со внатрешна површина од 7м2, со право на сопственост,

**КП.бр.12418** дел 2, Адреса ШИШКА, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда и други обј, А2-2, влез 1, кат К3, број 4, намена на посебен/заеднички дел од СТ со внатрешна површина од 58м2, со право на сопственост,

**КП.бр.12418** дел 2, Адреса ШИШКА, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда и други обј, А2-2, влез 1, кат К3, број 4, намена на посебен/заеднички дел од ПП со внатрешна површина од 4м2, со право на сопственост, запишана во **Лист В во Имотен лист број 17825 за КО КАВАДАРЦИ** при одделение за катастар на недвижности Кавадарци која се наоѓа во сопственост на должникот Влатко Ќимов од Кавадарци со живеалиште на ул.Шишка бр.1-1/4.

Продажбата ќе се одржи на ден 02.07.2026 година во 10 часот во просториите на извршителот Влатко Лалков на ул.Цано Поп Ристов бр.24А во Кавадарци.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот, изнесува **4.555.320,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Хипотека во корист на доверител Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од Скопје. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 280109104204042 која се води кај Силк Роуд банка АД Скопје најдоцна до 01.07.2026 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Влатко Лалков

Д.-на: доверител
должник
УЈП
Општина Кавадарци даночно одделение
ДПРМ - Кавадарци

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Кавадарци согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.